Информативно гласило на Град

# Скопје

| Број 15 | Година III |30.09.2010г. |

Бесплатен примерок



# УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА“ СТАНА БУЛЕВАР „ИЛИНДЕН“

*Предаден во употреба новиот сообраќаен коридор во центарот на градот*

# УЛИЦАТА „ИЛИНДЕНСКА“ СТАНА БУЛЕВАР „ИЛИНДЕН“



Познатата улица Илинденска, којашто со години претставуваше тесно грло во центарот на градот, остана во минатото. По седум месеци градежни работи за проширување и реконструкција на оваа сообраќајница минатата недела Скопје доби нов и значаен сообраќаен коридор. Улицата Илинденска стана булевар Илинден на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до крстосницата со булеварот 8.Септември во должина од 2.140 метри. Булеварот доби по две коловозни ленти во секоја насока, уредени тротоари и велосипедски патеки, нови крстосници, средишно зеленило и ново осветлување. Градот Скопје успешно го реализира овој сложен проект којшто е во вредност од околу 201 милион денари или околу 3,3 милиони евра.

Булеварот Илинден официјално го предадоа во употреба градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и премиерот Никола Груевски, на 21 септември.

- Ми претставува огромно задоволство што токму денеска, кога се празнува Света Богородица - Заштитничката на Скопје, ја имам честа да го означам крајот на еден од најголемите проекти направени во нашиот град во последниве 12 години во централното градско подрачје и на моите сограѓани официјално да им го предадам на користење булеварот Илинден. Од денеска, скопјани имаат можност да возат по модерен булевар, со по две коловозни ленти во секоја насока, нови дрвореди, средишно зеленило, обновени тротоари и велосипедски патеки и комплетно ново осветлување. Илинденска прерасна во булевар и отвори нов сообраќаен коридор што ќе овозможи поголем проток на возила кон населбите Карпош и Ѓорче Петров и, во обратна насока, кон центарот на градот. Со тоа, овозможивме возилата помалку да се задржуваат на сообраќајницата и придонесовме за помало загадување на воздухот – рече градоначалникот Трајановски на отворањето на булеварот.

Тој истакна дека во центарот на градот не е изграден булевар во последниве 12 години и оти проширувањето на улицата Илинденска во булевар е капитален проект за Градот Скопје.

- Во неговата реализација вложивме многу труд и енергија. Во текот на изградбата се соочивме со многу проблеми коишто ги решававме посветено и успешно. Продукт на нашата заложба е оваа модерна сообраќајница на којашто ќе функционира зелен бран за движење на возилата – нагласи градоначалникот Трајановски.









# ПРОШИРУВАЊЕТО НА УЛИЦАТА ИЛИНДЕНСКА НИЗ БРОЈКИ

- Во реконструираната и проширена делница на булеварот Илинден се вградени 22.700 тони асфалт. По должината на коловозот се поставени големи рабници со вкупна должина од 6.000 метри, а од страната на тротоарите се поставени мали рабници со вкупна должина од 4.500 метри.
- Асфалтирани се тротоари и велосипедски патеки со површина од 7.200 квадратни метри, а со бекатон-плочки се покриени тротоари со површина од 3.100 квадрати. Асфалтирани се 590 квадратни метри пешачки острови.
- На изградба на булеварот Илинден, просечно дневно, работеа околу 150 работници на изведувачот „Гранит" и на подизведувачите.
- Во подготвителните работи за изградбата на булеварот Илинден изградена е атмосферска канализација во должина од 2.313 метри и променлив профил којшто изнесува од 400 до 1.000 милиметри. Обезбедено е двострано одводнување на булеварот. По целата должина на проширената делница се поставени 60 шахти и 105 сливници за атмосферската вода.
- Булеварот Илинден го осветлуваат 120 столба на коишто се поставени 170 светилки од типот ONIX 2 со моќност од 150 до 250 W од фирмата Meinel Schroeder.
- По должината на булеварот, на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до крстосницата со булеварот 8.Септември се изведени 9 семафоризации. Поставени се 25 конзолни семафорски столбови, 35 обични семафорски столбови, 95 возачки лантерни и 76 пешачки лантерни.
- Хоризонталната сообраќајна сигнализација е обележана со бела боја при што се потрошени околу три тони боја. Поставени се 200 сообраќајни знаци.
- По должината на булеварот Илинден уредено е парковско зеленило со трева со површина од 13.525 квадратни метри. На потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до крстосницата кај фонтаната „Лотосов цвет" се засадени 66, а на делот од фонтаната до булеварот 8.Септември - 78 дрвја. За наводнување на зеленилото изведена е хидрантска мрежа во должина од 1.494 метри.
- Од објектот на Зоолошката градина до крстосницата со булеварот 8.Септември во средишниот дел од булеварот Илинден е изградена жардиниера со вкупна површина од 2.000 квадратни метри, за којашто се изведени дополнителни 720 метри хидрантска мрежа.
- По целата должина на булеварот се наместени 20 клупи и 50 корпи за отпадоци.
- За реализација на проектот за проширување на булеварот Илинден е извршена експропријација во вредност од 20 милиони денари. За експроприраното земјиште се доделени три еднособни и еден двособен стан. Целосно се урнати три објекти што се наоѓаа на трасата на булеварот, а делумно се урнати четири објекти.

*Капитални инвестиции на Градот Скопје*

# ПРЕДАДЕНА ВО УПОТРЕБА РЕКОНСТРУИРАНАТА УЛИЦА ПРВОМАЈСКА



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општина Кисела Вода, Марјан Ѓорчев, на 3 септември официјално ја предадоа во употреба реконструираната улица Првомајска, на потегот од мостот на Маркова Река до фабриката ОХИС. Коловозот на Првомајска е саниран во должина од 2,5 километри, а за овој значаен зафат Градот Скопје од Буџетот издвои 14,5 милиони денари.

- Со овој значаен градежен зафат ги решаваме долгогодишните проблеми на жителите од повеќе населени места во овој дел на градот. Коловозот на улицата Првомајска во овој дел беше многу оштетен. Со реконструкцијата на потегот од мостот на Маркова Река до фабриката ОХИС, коловозот на улицата Првомајска е проширен и сега изнесува 7 метри. Површината е асфалтирана, а обележана е и хоризонталната сообраќајна сигнализација – рече градоначалникот Трајановски.

Во зависност од оштетувањата на улицата и од конфигурацијата на теренот во текот на минатиот месец на Првомајска се вршеа различни градежни зафати - копање и гребење на стариот и оштетен слој асфалт, по што се нанесе нов асфалтен слој АБ 11 С.

Потрошени се вкупно 3.000 тони асфалт. На терен работеа екипите на ХУЛУСИ КОМЕРЦ – ДОЕЛ Куманово.



# ОБНОВЕН КОЛОВОЗОТ НА УЛИЦАТА КЕМАЛ СЕЈФУЛА



Улицата Кемал Сејфула, во населбата Чаир, на крајот на јули беше целосно реконструирана со што се овозможи зголемување на протокот на возила и се намали сообраќајниот метеж во овој дел на градот. Асфалтот на оваа сообраќајница беше обновен во должина од 800 метри. Реконструираната улица во употреба ја предадоа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општина Чаир, Изет Меџити.

За целосна реконструкција на коловозот на улицата Кемал Сејфула Градот Скопје потроши 11,4 милиони денари, а на обновата работеа екипите на градежната компанија АД „Пелагонија – Гостивар“.

# ЗАВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦАТА ФЕРИД БАЈРАМ

Екипи на Градот Скопје ја завршија реконструкцијата на улицата Ферид Бајрам. Сообраќајницата е обновена во должина од 800 метри, нанесен е нов асфалтен слој и се поставени нови рабници. За реконструкцијата на коловозот на улицата Ферид Бајрам Градот Скопје потроши 6,5 милиони денари.

- Коловозот на улицата Ферид Бајрам беше дотраен и целосно оштетен. Постојниот асфалт е изгребен и е нанесен нов асфалтен слој. Реконструкцијата на улицата Ферид Бајрам успеавме да ја завршиме за две недели, многу побргу од првично најавениот рок. Реконструкцијата на улицата Ферид Бајрам придонесе за зголемување на безбедноста во сообраќајот – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски кој заедно со градоначалникот на општина Бутел, Петре Латиновски, ја предаде во употреба реконтруираната улица Ферид Бајрам.

Реконструкцијата на коловозот на улицата Ферид Бајрам ја направија екипите на градежната компанија АД „Пелагонија – Гостивар“.



*Успешен старт на проектот за изнајмување велосипеди*

# ОСТАВИ ГО АВТОМОБИЛОТ, ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД!



Проектот за изнајмување велосипеди за 10 денари од час од трите пункта на плоштадот „Македонија“, кај трговскиот центар „Бисер“ и на јавното паркиралиште „Треска“ побуди голем интерес кај граѓаните на Скопје. Од почетокот на проектот на 28 јули досега најголем број велосипеди се изнајмени од пунктот на плоштадот „Македонија“.

Отворањето на трите пункта за изнајмување велосипеди е прва фаза од имплементацијата на проектот за изнајмување велосипеди под мотото „ОСТАВИ ГО АВТОМОБИЛОТ, ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД“ што го спроведува Градот Скопје. Граѓаните можат да изнајмат 70 велосипеди за 10 денари за час на трите наведени локации во градот. Бројот на постојки/ станици на коишто ќе може да се изнајми велосипед, во иднина се очекува да се зголеми, во зависност од заинтересираноста на граѓаните.

Интересен сегмент кај овој проект е можноста, велосипедот којшто е изнајмен од една постојка, да биде вратен на друга. На пример, доколку корисникот изнајми велосипед од станицата во Аеродром истиот, може да го врати на плоштадот „Македонија“ или, пак, на постојката кај јавното паркиралиште „Треска“.

- Градот Скопје земајќи ја предвид добрата географска поставеност, којашто го вбројува во градовите коишто имаат одлични услови за изградба на велосипедска инфраструктура, што претставува и предуслов велосипедот да биде дел од понудата за градско транспортно средство, во изминатиов период активно работи на обезбедување услови за воведување на велосипедот, како алтернативно транспортно средство. Активностите коишто се реализираа во изминатиот период, а тоа се бележење на велосипедските патеки и воспоставување на непрекината велосипедска врска меѓу источниот и западниот дел на градот, обновувањето и поставувањето хоризонтална и вертикална сигнализација и поставувањето држачи за велосипеди, не поттикна да размислуваме за заокружување на проектот за промоција на велосипедот како алтернативно транспортно средство и преминавме кон воспоставување систем за изнајмување велосипеди - истакна градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на промоцијата на Системот за изнајмување велосипеди.








# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ



Стотици ученици, граѓани, претставници од Градот Скопје, Инфо- центарот на ЕУ, Министерството за животна средина и просторно планирање и од невладини организации на 22 септември учествуваа во велосипедската парада од фонтаната во Градскиот парк по булеварот Илинден и по улиците Даме Груев, Македонија и Мито Хаџивасилев Јасмин до просториите на Инфо-центарот на Европската унија, по повод Меѓународниот ден без автомобили. Манифестацијата ја организираа Градот Скопје, Инфо-центарот на Европската унија, МЖСПП и НВО „Одржливи иницијативи“.

Градот Скопје традиционално ја организира оваа манифестација и го одбележува Меѓународниот ден без автомобили. Целта на парадата е да се промовира велосипедот како алтернативно транспортно средство, да придонесе за почиста и поздрава животна средина и да поттикне здрави навики за движење и рекреација кај граѓаните. Градот Скопје континуирано работи на подобрување на велосипедската мрежа во градот, а од минатиот месец граѓаните можат и да изнајмуваат велосипеди во рамките на градскиот проект „Остави го автомобилот, вози велосипед“.

# НОВ АСФАЛТ И ЗА УЛИЦАТА ИВАН КОЗАРОВ



Нов асфалт минатиот месец доби и улицата Иван Козаров, во населбата Кисела Вода. Оваа сообраќајница е реконструирана на потегот од крстосницата со улицата Доситеј Обрадовиќ до крстосницата со улицата Божидар Аџија, во должина од 340 метри.

На коловозот е нанесен нов асфалтен слој со дебелина од 5 сантиметри и се потрошени околу 280 тони асфалт. За целосната реконструкција на улицата Иван Козаров од буџетот на Град Скопје беа одвоени околу 3 милиони денари, а реконструкцијата ја направија екипите на градежната фирма „Бауер БГ“.

# ПРОШИРЕНА УЛИЦАТА БЕЛГРАДСКА



Коловозот на улицата Белградска во општината Центар е проширен и целосно реконструиран. Градот Скопје и ЈП „Улици и патишта" ја обновија улицата од крстосницата со улицата Водњанска до улицата Димитар Митрев во должина од 550 метри. По проширувањето коловозот е широк шест метри.

Со обновата на улицата Белградска се зголеми проточноста на возилата и безбедноста во сообраќајот на овој потег, а се намали загадувањето на животната средина.

Градот Скопје за овој зафат потроши околу 5 милиони денари, а беа вградени 600 тони асфалт.

# СЕ ОБНОВУВА ПАТОТ ЗА КАМНИК



Патот кон гробиштата Камник за два месеца ќе биде проширен и ќе добие нов асфалт. Овој крак од улицата Јужноморавски бригади е долг 960 метри и со проширувањето ќе биде широк 6 метри.

Од двете страни на коловозот ќе се изведат тротоари со широчина од два метри коишто ќе се покријат со бекатон-плочки, како и потпорни ѕидови од страната на населбата.

Овој градежен зафат е заедничка инвестиција на Градот Скопје и на општината Гази Баба во вредност од околу 18 милиони денари, од коишто Градот Скопје ќе покрие 13,7 милиони денари, а општината Гази Баба – 4,5 милиони денари. Проширувањето и реконструкцијата на патот ќе го олесни движењето на жителите од овој дел на градот и на сите граѓани што имаат потреба да ги посетат гробиштата Камник.

На изградба на патот за Камник работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ".

На улицата Јужноморавски бригади претходно беше изведена нова атмосферска и фекална канализациска мрежа, а беше обновена и водоводната мрежа.

# ОДБОЈКА НА ПЕСОК НА ГРАДСКАТА ПЛАЖА



На ревијалниот турнир во одбојка на песок, што од 22 до 25 јули годинава се одржа на Градската плажа учествуваа 28 натпреварувачи во женска и во машка конкуренција, од коишто поголемиот број се актуелни репрезентативци на нашава земја. Турнирот се одржа под покровителство на Градот Скопје, а во организација на Одбојкарската федерација на Македонија.



Во рамките на турнирот во одбојка на песок се одиграа дваесет и два натпревари. Во женска конкуренција најдобри беа Власта Ружиновска и Бранка Каленикова, второто место го освоија Софка Камиловска и Сандра Ѓорѓиевска, а на третото место се пласираа Маја Јакимовска и Елена Маровска.





Во машка конкуренција шампиони на годинашниов турнир се браќата Јовица и Дејан Симовски, второто место го освоија Гоце Славков и Филип Деспотовски, а третото место Виктор Зафиров и Вук Карановиќ.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на најдобрите одбојкарски двојки им додели медали и парични награди.

# СКОПЈАНИ ЌЕ ВЕЖБААТ НА КЕЈОТ НА ВАРДАР





На кејот на Вардар, во близина на Градската плажа, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Диме Спасов, на граѓаните на Скопје официјално им предадоа во употреба неколку пунктови со спортски реквизити за вежбање и рекреација. Вакви пунктови има уште и кај мостот „Близнак“ во населбата Аеродром и кај хотелот „Александар Палас“. Наскоро се очекува да бидат направени уште неколку пунктови на оние места каде што ќе има најмногу потреба од вакви гимнастички реквизити.

- Градот Скопје и Агенцијата за млади и спорт со реализацијата на овој проект само го збогатуваат кејот на Вардар со повеќе спортски содржини што ќе им бидат од корист на сите оние што спортуваат и се рекреираат овде - рече градоначалникот Трајановски.

Проектот за пунктовите со спортски реквизити е на Агенцијата за млади и спорт, а инвеститори се Град Скопје и Јавното претпријатие „Улици и патишта“.



# ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ И ВО ОПШТИНАТА ЧАИР

Градот Скопје во јули воведе зонско паркирање на паркиралиштето зад трговскиот центар „Мавровка“. Паркиралиштето располага со 110 паркинг-места. Еден час паркирање чини 35 денари, а возилата ќе може да се задржат најмногу четири часа.

Во општината Чаир првпат се воведува зонско паркирање. Ова паркиралиште влегува во зоната за паркирање В7. Станарите на околните згради ќе може да го користат паркиралиштето за 200 денари месечно. За паркирање втор автомобил цената изнесува 400 денари месечно. Фирмите ќе може да ги оставаат своите возила по цена од 3.000 денари месечно.

Новиот систем на паркирање треба да им помогне на граѓаните полесно да дојдат до паркинг-место и да го намали сообраќајниот метеж што се создава на ова фреквентно место.

# ОТВОРЕНО НОВО ПАРКИРАЛИШТЕ ПОД ТРАНСПОРТНИОТ ЦЕНТАР



Скопјани од овој месец може да го користат новоотвореното паркиралиште за лесни моторни возила, коешто се наоѓа под Транспортниот центар. Новиот паркинг-простор располага со 218 обележани места за паркирање, има површина од 6.840 квадратни метри и е врамен со две новопроектирани улици коишто ги поврзуваат улиците Беласица и Владимир Комаров.

Со паркиралиштето стопанисува ЈП „Градски паркинг“, а цената за паркирање изнесува 25 денари за час, без ограничување на задржувањето. Месечната претплата за користење на ова паркиралиште изнесува 2.000 денари, а годишната 20.000 денари. Станарите на околните згради можат да го користат ова паркиралиште за 250 денари месечно.

Подлогата на паркиралиштето е израмнета, тампонирана и покриена со павер-елементи со дебелина од 6 сантиметри. Претходно, на оваа површина е изведена мрежа за атмосферска канализација и се направени сливници. На терен работеа екипи на градежната компанија „Беграмо инженеринг“ и ЈП „Градски паркинг“.

Уредувањето на овој паркинг-простор го олеснува паркирањето во овој дел од центарот на којшто има многу деловни и станбени објекти. За изградба и уредување на паркингот Градот Скопје потроши околу 12 милиона денари.

# ПРЕДАДЕНА ВО УПОТРЕБА ПРОШИРЕНАТА УЛИЦА ВОЛКОВО



Улицата Волково, во населеното место Волково, минатиот месец беше целосно реконструирана и проширена на потегот од пругата до центарот на населбата, во должина од 1.700 метри. Со реконструкцијата, коловозот на улицата Волково е проширен за 1,5 метри и сега е широк 7 метри. Асфалтирана е површина од 11.900 квадратни метри. На улицата е обележана хоризонталната сигнализација и се поставени сообраќајни знаци.

За проширувањето на улицата Волково е направен машински ископ, делницата е тампонирана, наместени се рабници и нанесен е нов слој асфалт. На реконструираниот дел од коловозот, пак, извршено е машинско гребење на оштетениот асфалт и нанесен е нов асфалтен слој со дебелина од 7 (седум) сантиметри.

Градот Скопје за реализација на проектот за реконструкција и проширување на улицата Волково издвои околу 16 милиони денари.

# ПОЧНА ПРОБИВАЊЕТО НА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ МАКЕДОНСКА ВОЈСКА

Градежните работи за пробивање на вториот дел од булеварот Македонска војска, во општината Ѓорче Петров, се одвиваат според предвидената динамика. Со изградбата на делницата којашто почна минатиот месец ќе се пробијат 800 метри од сообраќајницата и ќе се изгради коловоз широк седум метри, со по една коловозна лента во секоја насока.

По должината на улицата ќе се прават тротоари коишто ќе се покријат со бекатон-плочки, а ќе се постави и ново улично осветлување. На терен работат екипите на градежната компанија АД „Гранит“. За овој капитален зафат Градот Скопје ќе потроши околу 25 милиони денари.

Пробивањето на булеварот Македонска војска ќе се искористи за да се постави атмосферска канализација по должината на сообраќајницата со профил од 300, односно 400 милиметри, во зависност од условите на теренот на којшто се одвиваат градежните работи.



# ИЗГРАДЕНИ 320 МЕТРИ ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СИНЃЕЛИЌ



Од новата фекална канализација на улицата Алија Авдовиќ којашто почна да се гради минатиот месец досега се изведени 320 метри. Новата мрежа ќе се користи за одведување на фекалните отпадни води од селата Стајковци и Сингелиќ и дел од населбата Методија Андонов-Ченто што гравитира кон улицата Алија Авдовиќ.

Овој проект претставува спојување на канализациските мрежи од селата Стајковци и Синѓелиќ. Новопредвидената фекална канализација е со должина од 745 метри и профил од 500 милиметри. Длабочината на којашто ќе биде изведена фекалната мрежа ќе изнесува од 2,40 до 3,50 метри, со употреба на армирано-бетонски цевки.

Изградбата треба да заврши за четири месеци. Новата фекална канализација е комплетна инвестиција на ЈП „Водовод и канализација" во вредност од 5,9 милиони денари, а на терен ќе работат екипите на фирмата „БЕГРАМО ДОО" од Скопје.

# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА БУЛЕВАРОТ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ



Атмосферската канализација по должината на булеваротХристијан Тодоровски Карпош во населбата Бутел којашто почна да се гради на почетокот на овој месец трајно ќе ги реши проблемите со одведувањето на дождовницата и поплавувањето на улицата по поројните дождови. Канализацијата е со профил од 800 милиметри и должина од 547 метри.

Со изградбата на атмосферската канализација ќе се создадат услови за целосно издвојување на фекалните и атмосферските отпадни води во два посебни колектора, а постојниот ќе остане да функционира како колектор за фекална канализација.

# ПРОШИРЕН КАПАЦИТЕТОТ НА СТАЦИОНАРОТ „ВАРДАРИШТЕ“




Капацитетот на стационарот за хуман третман на уличните кучиња „Вардариште“ од минатиот месец е двојно зголемен. Екипите на Градот Скопје ја завршија изградбата на новиот објект којшто е дел од стационарот и е изграден според европски стандарди. Во него се сместени три нови двојни стационари со 12 бокса, поставени во 3 реда и 6 единечни боксови, поставени во два реда или вкупно 48 боксови.

Боксовите се составени од дневна соба со димензии 1,5 метри на 1,5 метри (заградена со метална мрежа и врата) и спална соба со димензии 1,5 метри на 1,10 метри (изградена од бетонски блокови, а на предната страна има метална врата). Притоа се запазени соодветните комуникации што овозможуваат непречено движење и прием на кучиња.

Во објектот се изградени и една канцеларија и магацински простор со санитарен јазол, а партерот пред стационарот е покриен со бекатон-плочки.

Градот Скопје за проширување на стационарот Вардариште потроши околу 7 милиони денари. Градежните активности ги изведуваа екипите на компанијата „АЛКОН“ од Скопје.

Проширувањето на стационарот „Вардариште“ е дел од активностите што Градот Скопје континуирано ги презема за решавање на проблемот со бездомните кучиња во Скопје и зголемување на капацитетите за нивно згрижување и хуман третман.



СТАВ



*Пишува* **Сашо Стефановски**

# СКОПЈЕ СЕ МЕНУВА, СТАНУВА ЕВРОПСКА МЕТРОПОЛА!

Почитувани, тоа е визија којашто станува реалност во последниве две години  и се гледа на секој чекор, на секој агол на нашето Скопје. Скопје се гради!

На локалните избори во 2009 година граѓаните на Скопје поддршката ја дадоа на кандидатот за градоначалник на ВМРО-ДПМНЕ и на коалициските партии, господин Коце Трајановски, а советничката листа го освои мнозинството во Советот на Град Скопје,  односно го добивме мандатот да го направиме Скопје многу поубаво и поудобно место за живеење.

Тоа е обврска што ние им ја должиме на скопјани зашто тие и го заслужуваат тоа. Заслужуваат Скопје да заличи на центрите на европската култура, европските метрополи коишто посетителите ги оставаат без здив поради нивната вонвременска убавина, културната понуда и многуте архитектонски достигнувања.

За жал, Скопје минало низ многу несреќи во поблиската и подалечната историја. Низ неговите улици минувале различни окупатори, секој во своето време, низ него пустошеле елементарни непогоди и природни катастрофи коишто му ја одзеле на Скопје можноста да се гордее со архитектонските зданија што ги изградиле нашите претходници.

Ние не можеме да ја предвидиме иднината, но можеме да имаме визија што ќе се обидеме да ја реализираме. Ние ја имаме таа визија!

Сакаме Скопје да го видиме убав и развиен како и европските метрополи. Го сакаме Скопје со големи и пространи булевари, големи и пространи паркови, развиена инфрастуктура, чиста животна средина, го сакаме Скопје и со архитектонски чуда. Тоа е нашиот сон!

Токму тоа и го предвидовме во нашата програма, нашата визија за Скопје, со којашто излеговме пред граѓаните. Тоа е ветување коешто мора доследно да го реализираме.

Инфраструктурните зафати и проекти коишто почнаа да се реализираат само неколку месеци по локалните избори во 2009 година  ќе им овозможат на скопјани и на сите оние што доаѓаат во нашиот град помала нервоза при движењето низ скопските улици.

Градот Скопје ќе добие два значајни булевари коишто во голема мера ќе го олеснат животот на нашите сограѓани. Тоа е булеварот Србија којшто е во завршна фаза, а булеварот Илинден ќе биде веќе пуштен во употреба кога Вие ќе ја читате оваа колумна. Тоа ќе значи многу порелаксиран тек на сообраќајот во Скопје. Скопјани треба да се гордеат со ова!

Но, тука не застануваме. Наш нареден проект е сообраќајното решение за Кисела Вода, улицата  Првомајска  да се прошири во булевар,  којшто ќе почне да се гради во најскоро време и ќе им овозможи на над 100.000 луѓе од тој дел на Скопје побезбедно и покомфорно да стигнуваат до своите дестинации. Градот Скопје во последниве 2 години инвестира и во други патни правци низ целокупната територија на Град Скопје, како и во комуналната инфраструктура.

Конечно, Скопје доби градоначалник и совет коишто знаат да ги препознаат потребите на скопјани.

Кога зборувам за работата на Градот не може а да не ги споменам и јавните претпријатија коишто ја имаат клучната улога во градењето на впечатокот за функционирањето на Градот. Со доаѓањето на помлада раководна структура во јавните претпријатија, со менаџерски пристап и однос спрема работата, скопските јавни претпријатија излегоа од сенката и станаа главен мотор во функционирањето на градот Скопје.

Независно дали станува збор за хигиената, паркинг-просторот, водоснабдувањето низ Скопје, скопските улици или зеленилото, јавните претпријатија ја имаат можноста да придонесат за поубаво Скопје и тие со наша поддршка  го прават тоа.

Почитувани, Скопје се менува! Се менува пристапот во решавањето на проблемите на граѓаните на Скопје, се менува ликот на Скопје со новите градби и сообраќајните решенија и конечно Скопје добива европски лик.

Скопје се менува! На подобро...

Авторот е Координатор на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата за подобра Македонија во Советот на Град Скопје

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ГИ ОПРЕМУВА СО ВОЗИЛА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА



Градот Скопје во изминатиот период набави поголем број возила и механизација за потребите на јавните претпријатија за да се овозможи поефикасно да функционираат:

- Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“ - 4 возила (комби, марка „цитроен“, од коишто три се од моделот „CITROEN JUMPER COMBI 30 L1H1 2.2HDI 100“, а едно е од моделот „CITROEN JUMPER 4-40 L4H2 3.0HDI“).

- Јавно претпријатие „Паркови и зеленило“ - 5 возила (еден камион, едно возило со хидраулична дигалка, еден мини багер-утоварувач, едно средно тешко возило со кабина и едно возило – цистерна).

- Јавно претпријатие „Комунална хигиена“ - 3 возила (две се теренски и едно товарно возило).

- Јавно претпријатија „Улици и патишта“ - 8 возила (две товарни возила, две возила за бележење на улиците, возила за нанесување асфалт, компресор и возило – валјак).

## ДОНЕСЕНА ПРОГРАМА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ПОРАНЕШНАТА ДЕПОНИЈА „ВАРДАРИШТЕ“

Советот на Град Скопје на својата дваесет и седма седница ја усвои Програмата за реализација на проектот за рекултивација и уредување на просторот на поранешната градска депонија „Вардариште“. Со неа се дефинираат обемот и конкретните активности, материјалните и финансиски средства и динамиката на реализација на проектот за рекултивација и уредување на просторот на поранешната градска депонија со површина од 41,7 хектари.

Донесената програма ќе биде реализирана во 2 фази. Во првата фаза ќе се вршат разни истражувања, проектирања и други подготвителни постапки, додека во втората фаза ќе се вршат оперативни активности за уредување на просторот. Активностите од првата фаза ќе се изведуваат 12 месеци, а втората фаза ќе опфати период од 24 месеци.

Со реализацијата на оваа програма ќе се елиминира опасноста од појава на евентуални пожари и експлозии, предизвикани од присуството на депонискиот гас во депонијата, пречистување на подземните води и намалување на загаденоста на бунарските води во Маџари, како и отстранување на непријатниот мирис од депонираниот отпад. По завршувањето на овие активности, на територијата на поранешната депонија „Вардариште“ е предвидена изградба на парк за рекреирање на граѓаните.

За реализацијата на оваа програма ќе бидат потребни околу 88 милиони денари, поточно 8 милиони денари за реализација на првата фаза и 80 милиони денари за реализација на втората фаза.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Главен и одговорен уредник
Неделчо Крстевски

Редакција
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

Уредник на фотографија
Радомир Јовановиќ-Рацо

Лектор
Лидија Антоновска

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
за издавачот
Градоначалник
Коце Трајановски
Булевар Илинден 66

Телефони
02 3297 255

меил-адреса
gragjani@skopje.gov.mk

Дизајн
Европа 92 - Кочани



# СЕ ГРАДАТ ТРОТОАРИ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ВО ТРУБАРЕВО

Градот Скопје ја почна изградбата на тротоар и пешачка патека по должината на регионалниот пат Скопје – Катланово (Р- 303), низ населеното место Трубарево. Тротоарот ќе биде долг километар, а широк два метра. По должината на регионалниот пат Скопје – Катланово тротоар и пешачка патека се градат првпат.

Со овој зафат Градот Скопје решава еден сериозен и долгогодишен проблем на жителите на повеќе населени места коишто ги поврзува овој регионален пат. Оваа делница со години претставува црна сообраќајна точка во Скопје и место на коешто досега се случиле многу сообраќајни незгоди. Новата патека значително ќе ја зголеми безбедноста на пешаците и на велосипедистите.

По должината на тротоарот и пешачката патека деновиве се поставуваат нови рабници, а ќе се изведат и сливници за атмосферските води. Површината на тротоарот ќе се тампонира и ќе се покрие со бекатон-плочки.

За изградба на тротоарот и пешачката патека на регионалниот пат Скопје – Катланово Градот Скопје од Буџетот ќе издвои околу 3 милиони денари. На терен работат екипите на ЈП „Улици и патишта", а тротоарот се очекува да биде завршен за 30 дена.



# САНИРАНИ УДАРНИТЕ ДУПКИ НА УЛИЦАТА КОЗЛЕ

Градот Скопје и ЈП „Улици и патишта" во текот на месецов ги санираа ударните дупки на улицата Козле.

Во акцијата беше изгребан оштетениот асфалт и нанесен нов асфалтен слој. За крпење на ударните дупки на улицата Козле беа потрошени околу 154 тони асфалт.



# КАНАЛОТ ПРЖИНО Е ЦЕЛОСНО ИСЧИСТЕН

Според програмата на Град Скопје за одржување на отворените канали на подрачјето на градот за 2010 година екипите на ЈП „Улици и патишта" деновиве целосно го исчистија каналот Пржино.

Косините и внатрешноста на каналот со вкупна површина од 1.600 квадратни метри се чистеа рачно и со мешана механизација. Работниците, што рачно работеа на терен, со пили ја сечеа нискостеблестата вегетација, а со мотики и со копачи ја отстрануваа изникнатата трева од косините и од внатрешноста на каналот. Во акцијата беа вклучени и скип машини и моторни пили од типот MS 250.



# АСФАЛТИРАНИ ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ШУТО ОРИЗАРИ

На барање на граѓаните на општина Шуто Оризари Градот Скопје целосно ги реконструира и асфалтира улиците „17", „19", „30" и „33". Овој градежен зафат решава голем проблем за жителите на оваа скопска општина.

Во акцијата на Градот Скопје за реконструкција на улиците „17", „19", „30" и „33" во општината Шуто Оризари се асфалтирани вкупно 4.000 метри. Градот Скопје за реализација на овој проект потроши 12 милиона денари.

# КАМЕН-ТЕМЕЛНИК ЗА СПОРТСКА САЛА ВО СУГС „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ"

До крајот на годинава се очекува да заврши изградбата на новата спортска сала во рамките на средното училиште „Зеф Љуш Марку". Спортската сала е дел од проектот на Владата на Република Македонија за изградба на 145 сали за средните училишта и треба да им овозможи на учениците правилен развој и непречено одвивање на наставата по физичко воспитување.

Спортската сала е модерен повеќенаменски спортски објект со површина од 1.300 квадратни метри и трибина за 400 гледачи. Салата ќе биде опремена со спортски реквизити за атлетика, гимнастика и за спортски игри. Нејзината изградба ќе чини 40 милиони денари, средства од буџетот на Република Македонија.

По завршувањето на наставниот процес во училиштето, под услови предвидени за тоа, салата ќе можат да ја користат и граѓаните за спорт и рекреација.

# СЕ ЧИСТАТ КОСИНИТЕ НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ВАРДАР

Екипите на Град Скопје коишто се задолжени за одржување на кејот на реката Вардар во текот на месец август рачно и машински исчистија површина од 31.000 квадратни метри. Косите површини на левиот и на десниот брег се чистеа на следниве потези:

- од мостот кај Железничката станица кон булеварот Србија,
- од пешачкиот мост зад „Луна Парк" кон клубот „Кајак Кану",
- од пешачкиот мост зад зградата на Владата кон мостот „Гоце Делчев",
- од пешачкиот мост зад зградата на Владата кон мостот зад „Луна Парк".



*На подрачјето на општината Сарај*

# ОТКРИЕНИ 619 ДИВИ ПРИКЛУЧОЦИ ВО ВОДОВОДНАТА МРЕЖА





Шестотини и деветнаесет диви приклучоци во градската водоводна мрежа досега открија екипите на Градот Скопје, ЈП „Водовод и канализација" и општината Сарај во акцијата за откривање, евидентирање и отстранување диви приклучоци на подрачјето на оваа општина. Акцијата којашто почна на 30 август наиде на позитивен одзив кај сите жители на Сарај и се одвива непречено, без отпор и со несмален интензитет, во согласност со предвидената динамика на ЈП „Водовод и канализација".

Тимовите коишто работат на терен се формирани од вработени од ЈП „Водовод и канализација", а во нивната работа земаа учество и комуналните инспектори на општина Сарај, претставници на општината и на месните заедници.

Досега во акцијата се откриени 619 диви приклучоци, од кои од мрежа се исклучени 101, контролна опомена добиле 92, а договор за водоснабдување склучиле 467 домаќинства.

На сите домаќинства каде што беа откриени диви приклучоци ЈП „Водовод и канализација" им понуди да склучат договор за водоснабдување или им издаде контролна опомена. Со примањето и потпишувањето на контролната опомена домаќинството се обврзува да постави водомер во рок од 5 дена. По истекот на рокот се врши контрола и доколку водомерот е поставен се склучува договор за водоснабдување. Во спротивно, доколку домаќинството не постапило и се уште нема поставено водомер, комуналниот инспектор издава мандатна казна и се врши исклучување од водоводната мрежа.

Акцијата се спроведува темелно и ќе биде опфатена целата територија на општината Сарај. Со оваа динамика на спроведување акцијата би траела уште 30 дена. По нејзиното завршување екипи на ЈП „Водовод и канализација" тековно ќе вршат континуирани контроли, особено на местата каде што се откриени дивите приклучувања, односно каде што биле извршени ископите и исклучувањата.

Покрај оштетувањето што го предизвикуваат на постојната водоводна инфраструктура, дивите приклучоци предизвикуваат намалување на притисокот на водата во цевките и се појавуваат потешкотии при нормалното водоснабдување во повисоките населени места, а генерираат и загуби на енормни количества вода.

*Во парк-шумата Гази Баба*

# ПАТЕКА НА ПРИЈАТЕЛСТВО СО ПРИРОДАТА



Пешачка патека долга 720 метри и широка 1,90 метри деновиве почна да се гради по должината на границата на парк-шумата Гази Баба, од паркингот кај Здравствениот дом „Железара“ до детското игралиште. Градот Скопје ја гради оваа патека по барање на Здружението на граѓани на населбата Железара и на урбаната заедница „Железара“ и таа ќе го носи името „Патека на пријателство со природата“.

За изградба на пешачката патека е направен машински ископ на земја за рамнење на теренот, делницата е тампонирана и се асфалтира со асфалтна маса БНС-16.

Во изградбата на патеката и во расчистувањето на теренот се вклучени екипите на ЈП „Улици и патишта“ и „Паркови и зеленило“. Градот Скопје за нејзината изградба ќе потроши околу милион денари. Патеката е осветлена со канделабри.

# НОВ ЛИК ЗА УЛИЦАТА ВАСИЛ ЃОРГОВ



Градот Скопје и општината Центар ја почнаа реконструкцијата на улицата Васил Ѓоргов којашто ќе добие нов асфалт на делот од крстосницата со булеварот Водњанска до стариот трговски центар во Капиштец, а самата раскрсница ќе биде проширена за да се овозможи поголем проток на возила. Градежните работи за обнова на оваа фреквентна сообраќајница ги врши градежната компанија „Бауер БГ“.

Претходно, на делницата од булеварот Водњанска до зградата на „Жито Лукс“, во должина од 300 метри, беше поставена атмосферска канализација. Канализацијата ја градеа работниците на „Беграмо“.

Според проектот за реконструкција на улицата Васил Ѓоргов ќе се обноват и тротоарите од двете страни на коловозот коишто ќе се обложат со павер-елементи.

Обновата на улицата Васил Ѓоргов чини околу седум милиони денари, од коишто 3,5 милиони денари обезбедува Градот Скопје.



# ПРВ УЧИЛИШТЕН ДЕН ВО УЧЕБНАТА 2010/2011

Во име на Градот Скопје и во свое име градоначалникот Коце Трајановски им го честита почетокот на новата учебна година на сите средношколци и им порача да веруваат во себе и дека годините што ќе ги поминат во средношколските клупи ќе им донесат личен успех и многу нови знаења. На 1 септември Трајановски присуствуваше на првиот училиштен час на средношколците од средното училиште на Град Скопје „Јосип Броз-Тито".

- Вие сте средношколци - Вие го правите вашиот избор којшто го дефинира вашиот пат кон личен и општествен успех и прогрес. Образованието е сила којашто Ви отвора нови хоризонти и нови видици. Знаењето е темел на сето она што го придвижува напредокот на човекот и човештвото, темел на науката што го движи животот напред и ја овозможува неговата перспектива. Процесот на усвојување знаења не е ниту едноставен ниту лесен. Тој бара исклучителен напор, трпеливост и упорност. Тој процес бара посветеност и пожртвуваност – им порача на средношколците градоначалникот Трајановски.

# СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ „АРСЕНИЈ ЈОВКОВ" ДОБИ МИНИ АТЛЕТСКИ ТЕРЕН

Средното училиште „Арсениј Јовков" минатата недела доби мини атлетски терен, односно патека за скок во далечина, атлетска патека и платформа и терен за фрлање ѓуле. За изградба на овој терен Градот Скопје потроши околу 800.000 денари.

Атлетскиот терен е изграден во дворот на училиштето. Изведбата на патеката за скок во далечина се одвиваше во неколку фази. Најпрво е извршен машински ископ на земја и поставен е тампон, а потоа на патеката за залет, долга 32 метри и широка 1,25 метри е поставена земја црвеница. Јамата, којашто е наполнета со песок е со должина од 10 и широчина од 3 метри, целосно е обрабена со рабници.

Платформата за фрлање ѓуле има бетонски подиум со радиус од 1,25 метри, а на теренот од 30 квадратни метри е поставена бела ризла.



Атлетската патека е со широчина од 5 и должина од 70 метри, а вкупната површина изнесува 500 квадратни метри. По целата должина на патеката се поставени рабници.

На изведбата на атлетските терени работеа екипите на ЈП „Улици и патишта".

Градот Скопје од 11 до 25 јули годинава, по втор пат, беше домаќин на европската спелеонуркачка експедиција „Врело 2010“, предводена од врвните спелеонуркачи Луиџи Касати од Италија и Марк Ван дер Мулен од Белгија. Касати и Ван дер Мулен со поддршката од нивните екипи, годинава во нивните истражувања ја надминаа длабочината од 190 метри достигната во текот на минатогодишната експедиција и во пештерата Врело влегоа до длабочина од 212 метри, што претставува втор рекорд по длабочина во Европа, а прв на Балканот.

Овој меѓународен настан е во организација на спелеонуркачкиот клуб „Врело“ од Скопје, а Градот Скопје со финансиска поддршка од милион денари е генерален покровител на европската спелеонуркачка експедиција „Врело 2010“.



# ЛУИЏИ КАСАТИ СТИГНА ДО 212 МЕТРИ ДЛАБОЧИНА ВО ПЕШТЕРАТА ВРЕЛО

Градоначалникот Коце Трајановски ја поздрави експедицијата и изрази голема благодарност за нивните истражувања на подводната пештера „Врело“ и нејзината промоција како една од најубавите и најдлабоките подводни пештери во светот.

- Ја користам оваа пригода да го поканам Луиџи Касати да дојде и следната година и да се обиде да го собори европскиот рекорд. Градот Скопје и следната година финансиски ќе ја поддржи експедицијата - изјави градоначалникот Трајановски.

Касати, пак, истакна дека пештерата „Врело“ претставува вистински предизвик за истражување поради многубројните неистражени коридори коишто ги содржи, зашто на длабочина од 212 метри забележал дека пештерата се дели на два дела. Истовремено, Касати посочи и на еколошкиот аспект од истражувањата.

- Ние сметаме дека во пештерата има извор на вода. Во рамките на истражувачката експедиција „Врело 2010“ земени се примероци од вода и седименти и со нивните испитувања може да се добијат интересни резултати - изјави Касати.

Градот Скопје за потребите на експедицијата преку Министерството за внатрешни работи обезбеди и хеликоптер, со чијашто помош беа комплетирани снимките што ќе бидат употребени во документарниот филм за Кањонот Матка и подводната пештера Врело.





# ПЕТТА МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВ

*На годинешната Ликовна колонија „Скопје 2010“, што десетина дена кон крајот на август, се случуваше во хотелот „Арка“, учествуваа 10 ликовни уметници од земјава и странство, а на тема „Скопје“ овој пат твореа Гоце Божурски, Сашо Поповски, Роберт Цветковски, Јулијана Гешоска и Шќипе Мехмети од Македонија, Сандрине Бридиер од Париз, Франција, Берна Еркун од Истанбул, Турција, Момчило Мацановиќ од Тиват, Црна Гора, Нарцис Кантарџиќ од Целје, Словенија и Славица Марин од Умаг, Хрватска. Покровител на колонијата е Град Скопје. Традиционално, учесниците на колонијата се уметници од збратимените градови, како и градови со коишто Град Скопје во минатото воспоставил културна соработка. Делата на уметниците, за пошироката јавност, ќе бидат изложени во Музејот на град Скопје на 13 ноември годинава, по повод одбележувањето на Денот на ослободување на Скопје.*



Сашо Поповски (Македонија)



Јулијана Гешоска (Македонија)



Славица Марин (Умаг, Хрватска)

-Еднаш бев во Скопје и се радував на повторната средба со градов. Најголемата радост е дружбата со луѓето. Скопје е прекрасен град. Пријатно ме изненадија скулптурите, чаршијата, тука се е убаво. Дојдов среќна, уште посреќна си заминувам.....



Момчило Мацановиќ (Тиват, Црна Гора)

-Прв пат сум тука, во Скопје. Како гостин на колонијава имав време и можност да го видам градот, да посетам многу музеи и галерии. Ми се допаѓа градов, личи на модерен центар, имате квалитетни сликари и гостољубив народ. Би сакал повторно да дојдам тука.....

Нарцис Кантарџиќ (Целје, Словенија)

-Јас сум, на некој начин, поврзан со Скопје, а најголемата причина што дојдов овде, се многуте спомени што ме врзуваат со Македонија. Земјотресот го доживеав овде во Скопје, мојата баба е Македонка, а тетка ми живееше во близина на Даут пашиниот амам. Тука околу МОБ, се сеќавам, како дете, вртев со велосипед. Сега, ми се допаѓа тоа што Скопје е толку голем град, а луѓето го зачувале оној балкански темперамент на живеење. Последен пат во Скопје бев пред осумнаесетина години, но се надевам дека ќе дојдам и за 13-ти Ноември кога ќе биде организирана изложбата на слики од колонијава.



# НА КОЛОНИЈА „СКОПЈЕ 2010“



◀ Гоце Божурски (Македонија)

- Фазата да се доживее Старата скопска чаршија како едно етно-фолклорно градско место, мислам дека е надмината и дека сега овој дел од градот стана некако поличен. Скопје како урбана средина нуди повеќе можности во однос на другите градови од внатрешноста. Јас живеам во Куманово, но секојдневно патувам до Скопје. Скептичен сум во однос на колониите, но Старата скопска чаршија овој пат се покажа како добар рецепт, зашто нуди некаква непосредност....



▲ Шќипе Мехмети (Македонија)

- Јас сум родена во Кичево, но поради студиите и работата сега живеам во Скопје. Многу интересно е тоа што кога почнав да студирам овде, не замислував дека ова ќе биде градот во којшто ќе живеам, но сега кога ќе заминам на неколку денови во Кичево, навистина ми недостига Скопје....



▼ Берна Еркун (Истанбул, Турција)

- Скопје многу ми се допадна. И мојата земја има слична култура и сензибилитет како и Вашата. Ми се допадна стариот дел на градот, ми се допадна архитектурата и едноставноста на Скопје. Како два различни градови измешани во еден, ми се допаднаа боите на Скопје, некако земјени, топли. Скопје е тивок град и времето е поубаво овде. Предците на татко ми се со потекло од Македонија, затоа отсекогаш ме интересирала вашата земја....



◀ Роберт Цветковски (Македонија)

-Живеам во Крива Паланка, но со Скопје ме врзуваат многу убави спомени, студиите, колегите, пријателите. Во последно време, во Скопје доаѓам само кога ќе ме испровоцира некаков настан, зашто сепак ова е центарот на случувањата во Македонија. Досега сум бил на 40-тина колонии во земјава и во странство, но прв пат сум учесник на Колонијата во „Арка“, а секогаш е добро да запознаеш нови луѓе и да доживееш нови искуства.....



▲ Сандрине Бридиер (Париз, Франција)

-За мене првиот впечаток за вашиот град беше навистина чуден, некако неочекувано чувство на задоволство. Среќна сум овде во Старата скопска чаршија и се радувам што шетајќи по нејзините улички имав можност подобро да ја запознаам. Ги работев сликите овде во хотелот, а инспирацијата ја црпев неуморно шетајќи низ Скопје и посетувајќи ги многубројните цркви.....

# ТРАДИЦИОНАЛНО ПОЕТСКО МАТИНЕ НА МАТКА





Рецитирајќи ја на македонски јазик првата стиховна творба „Дарови“, поетот и автор на песната, Тодор Чаловски, на 24 август го отвори традиционалното Поетско матине коешто секоја година се одржува на платото пред манастирот „Свети Андреа“ на Езерото Матка. Поетското матине се реализира во рамките на 49-то издание на фестивалот Струшки вечери на поезијата, домаќин е Градот Скопје, а покровител е градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Преку ова Поетско матине, љубителите на убавата реч и поезијата, но и граѓаните на Скопје, имаат несекојдневна можност да слушнат дел од поетските стихови испеани од поетите од сите светски меридијани. Убеден сум дека и денеска прочитаните стихови ќе одекнуваат со иста силина и жар, како што одекнуваа на бреговите на реката Дрим во Струга, последните неколку денови. Сигурен сум дека, Кањонот Матка, познат по својата природна убавина, со спомениците на културата, уникатноста на флората, фауната и надалеку познатите пештери, може да биде исто толку инспиративен за творечката имагинација како реката Дрим и Охридското Езеро - истакна градоначалникот Трајановски.

На традиционалната поетска средба на Матка годинава имаше поети од Јапонија, Австралија, Естонија, Египет, Франција, Италија, Кина и други земји, а претседателот на Друштвото на писатели на Македонија, Данило Коцевски, ја искористи можноста да им се заблагодари на сите присутни гости на Струшките вечери на поезијата и за творбите коишто ги напишале како резултат од нивната инспирација од нашава земја, а ги оставаат како поетско наследство во Македонија.

# 35. МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ - МОТ 2010

Дваесетина театарски претстави во продукција на театри од Франција, Словенија, Хрватска, Бугарија, Луксембург, Романија, Литванија, Данска и од Македонија беа дел од годинешното 35-то издание на Меѓународниот театарски фестивал – МОТ 2010. Јубилејното издание на МОТ го отвори претставата „Кралот умира", копродукција меѓу неколку европски фестивали (Франција, Словенија, Луксембург, Романија и Македонија), а во режија на Силвио Пуркарете.

Годинешниот Млад отворен театар се реализираше во девет фестивалски вечери, на неколку театарски сцени, и тоа во киното „Фросина" во МКЦ, во Македонската опера и балет и театарот „Центар", како и на сцената на Драмскиот театар. Традиционално, во трката за наградата на фестивалот за најдобра претстава во целина влегоа претставите од странските продукции, а „Сонот на летната ноќ" на Градскиот театар од Вилнус, Литванија, е прогласена за најдобра на годинашното издание на МОТ. Претставата е во режија на Оскарас Коршуновас по текстот на Вилијам Шекспир и продукција на ОКТ – на Градскиот театар од Вилнус, Литванија.

По повод одбележувањето на јубилејот, беа врачени и почесните две златни плакети на Словенско младинско гледалишче и на Љубиша Никодиновски-Биш, основач на МОТ. Во рамките на Фестивалот беа реализирани и неколку програмски активности како што се работилниците „Да се биде критичар", „Активности во контекст" и „Осмели се да сонуваш".

Жирито на фестивалот беше во состав: Лилјана Мазова, театарски критичар, Иван Џепаровски, естетичар и професор на Филозофскиот факултет во Скопје и Наташа Аврамовска, театролог. Уметнички директор на МОТ е режисерот Дејан Пројковски, а селектор на македонската програма актерот Дејан Лилиќ. Триесет и петтото издание на Меѓународниот театарски фестивал - МОТ 2010 заврши на 26 септември со двете претстави на Словенско младинско гледалишче: „Проклет да е предавникот на својата земја" и „Љубов моја".

Покровители на Младинскиот отворен театар се Градот Скопје и Министерството за култура, а организатор и реализатор е Младинскиот културен центар - Скопје.








# „Звуци на чаршијата“ по петти пат













Изложбите, концертите, перформансите, фолклорните настапи и презентацијата на старите занаети и ракотворби беа дел од богатата мултикултурна и мултимедијална програма што на 14 и на 15 септември го привлече вниманието на жителите на Скопје во петтата по ред манифестација „Звуци на чаршијата“. Карактерот на оваа манифестација има за цел да потсети на старите и подзаборавени традиции во Старата скопска чаршија и да даде импулс за нејзино заживување и културно реанимирање преку отворање на портите на уметноста и на креативноста.

Градот Скопје ја востанови манифестацијата „Звуците на чаршијата“ во 2006 година, како една од активностите за културна и стопанска анимација и ревитализација на Старата скопска чаршија, како и за нејзина туристичка промоција.

# НА ТРЕТИОТ „ПИВОЛЕНД 2010“ СЕ ИСПИЈА 200 ТОНИ ПИВО



Околу 400.000 граѓани на Скопје беа гости на третиот Гурмански викенд со пиво во Скопје „ПИВОЛЕНД 2010“, којшто минатата недела се одржуваше на скопската тврдина Кале и во Старата скопска чаршија. Бројот на посетители годинава беше за четирипати поголем од оној на првото издание на овој фестивал на пивото, што годинашниов Пивофест го прави најмасовниот настан во нашава земја. Посетителите на третиот „Пиволенд 2010“ имаа можност да дегустираат педесетина видови пиво, а испија околу 200.000 литри пиво и 500 хектолитри сокови и вода.

Во петте фестивалски вечери, на 7 бини, настапија околу 50 домашни и странски бендови, артисти и дицеи, а во рамките на 60-часовното пивско дружење околу 150.000 луѓе дегустираа дел од гурманските специјалитети на неколкуте брендови храна што ја збогатија понудата на овој Гурмански викенд со пиво.

Во рамките на Фестивалот на пивото, организаторите на „Пиволенд 2010“ во соработка со Црвениот крст на Град Скопје реализираа и кампања за безбедно возење без алкохол, под мотото “КОГА ПИЕТЕ, НЕ ВОЗЕТЕ-КОГА ВОЗИТЕ, НЕ ПИЈТЕ!”

Трета година по ред Манифестацијата „Гурмански викенд со пиво во Скопје“ се одржува под паролата „Дојдов, видов, испив“, а е во организација и под покровителство на Градот Скопје, Секторот за локален економски развој во соработка со „Здружението на граѓани – Пиволенд Скопје“. Манифестацијата заврши на 19 септември.





# НАД 2.000 ГРАЃАНИ ПОЈАДУВАА НА КАМЕНИ МОСТ



Над 2.000 скопјани, гости и туристи во неделата, на 19 септември, појадуваа на Камени мост и учествуваа во градската манифестација „Појадок на мост" којашто годинава се одржува за првпат. Целта на ова дружење што го организира Градот Скопје е да се слави името на Мајката божја - заштитничката на градот Скопје, а се очекува манифестацијата да премине во традиција. Локацијата е избрана од една причина - Камени мост е симбол на Скопје.

Градот Скопје на овој едноставен начин сака да ги обедини и зближи сите граѓани на Скопје и да им покаже како да ги почитуваат традиционалните вредности. На заедничкиот појадок присуствуваше и градоначалникот Коце Трајановски, којшто им пожела пријатен појадок на присутните.





На Камени мост од едната страна беа поставени штандови со храна и со пијалаци од донаторите, а на другата седеа граѓаните на Скопје коишто ги дегустираа специјалитетите. Присутните имаа ретка можност да вкусат дел од специјалитетите на „Тинекс", „Жито лукс", „Жито Вардар" - Велес, Кафеаната „Пелистер", „Витаминка" и многу други македонски производители на храна и пијалаци.

Два часа уличните музичари на Скопје ги забавуваа граѓаните што дојдоа на заедничкиот појадок.

Оваа манифестација е во организација на Градот Скопје, покровител е градоначалникот на Градот Скопје, а како директни партнери се вклучија членките на Занаетчиската комора на Град Скопје и угостителското училиште СУГС „Лазар Танев"-Скопје.

# „WORLD CYBER GAMES“ НА ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“



На плоштадот „Македонија“ на 21 август годинава се одиграа националните квалификациски натпревари за светското првенство во е-спорт, „WORLD CYBER GAMES“. Натпреварите траеја два дена, а учествуваа над 550 млади натпреварувачи од цела Македонија. Покрај натпреварувањето во вештините на младите учесници, цел на ова натпреварување е и промоција и едукација за предностите во користењето легален софтвер, модерните пороци и како да се справиме со нив.

Во изминатите 5 години, е-спортот во Македонија доживеа вистински пораст и развој, паралелно со развојот на светско ниво.

- Се надеваме дека е–спортот во иднина ќе добива се поголема популарност и дека најдобрите во нашава земја, односно нашата е–спорт репрезентација, на годинешното светско првенство што ќе се одржи во Соединетите американски држави, но и на идните светски првенства, ќе постигнува добри резултати, со што ќе биде амбасадор на нашата држава низ светот – рече градоначалникот Трајановски.

Тој најави поддршка на оваа манифестација и во иднина.

Годинава светското првенство на WCG ќе се одржува во Лос Анџелес, а победниците од квалификациските натпревари во е-спорт, всушност, се осумте членови на македонската е-репрезентација.

# НАЈНОВИТЕ СВЕТСКИ ФИЛМСКИ ХИТОВИ ВО „МИЛЕНИУМ“

Во октомври, репертоарот на Градското кино „Милениум“, ќе ги задоволи истенчените вкусови на љубителите на седмата уметност, сервирајќи им ги најновите светски филмски хитови. Во срцето на есента филмската публика ќе може да ги гледа проекциите на филмовите: Невини лаги (Knight and day) во режија на Џејмс Менголд со Том Круз, Камерон Дијаз и Питер Саргард во главните улоги; Ученикот на волшебникот (The Sorcerer's Apprentice), режисерско дело на Џон Туртилтоб и Николас Кејџ, Моника Белучи, Алфред Молина и Џеј Барукел како толкувачи на ролјите; Сол (Salt), со Анџелина Џоли, Даниел Олбрихски и Лиев Шрејбер, а во режија на Филип Нојз; А – Тим (The A- Tim), во режија на Џон Калахан, со Лијам Нисон, Бредли Купер, Квинтон Џексон и Шарлито Копли; мегахитот Вол стрит: Парите никогаш не спијат / Вол стрит 2 (Wall Street: Money Never Sleeps / Wall Street 2) на оскаровецот Оливер Стоун со Мајкл Даглас, Чарли Шин, Кери Малиган и Шија Лабуф во главните улоги, Приказна за играчките (3 Toy story 3), анимирана сторија за најмалите филмомани, во режија на Лее Ункрич, во којашто гласовите ги позајмија Том Хенкс, Тим Ален и Џоан Кјузак и Облачно со можност за врнежи од ќофтиња (Cloudy With A Chance Of Meatballs), филм во којшто главните улоги ги толкуваат Бил Хадер, Ана Фарис, Џејмс Кан, а филмот е продукт на креативата на режисерската двојка Фил Лорд и Крис Милер.










Билетите за овие филмови можат да се купат на билетарницата на киното. Киното „Милениум“ за сите љубители на овие блок-бастери, за групни посети, нуди цена од 80 денари за билет.




*Спортски реквизити на кејот на Вардар*